# СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
# ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA



FS 549642

International Chamber of Commerce
ATA carnet
Association of Balkan Chambers
EUROCHAMBRES
B.C.T.P. Balkan Center for Trade Promotion
EBF European Banking Federation The Voice of European Banks
eurelectric
FIATA
SECI Southeast European Cooperative Initiative
CEI Central European Initiative
enterprise europe network Business Support at Your Doorstep
Macedonia Superbrands Partner


Бр. 08 – 554/2
26.3.2015 година
Скопје

До
Госпоѓа Наташа Радевска-Крстевска,
директор на Царинската управа
на Република Македонија

<u>Скопје</u>

Предмет: Дополнување на Иницијативата за изменување и дополнување на Законот за вршење на работи на застапување во царинските постапки

Почитувана госпоѓо Радевска-Крстевска,

Во прилог на нашиот допис бр. 08-554/1 од 4.3.2015 година, Ви беше доставена Иницијативата за изменување и дополнување на Законот за вршење на работи на застапување во царинските постапки („Службен весник на РМ“ бр. 180/2014).

По одржаниот работен состанок на Советодавното тело на 18.3.2015 година, на којшто се расправало за предметниот Закон и согласно размената на мислења со членовите на ова тело, во прилог Ви доставуваме дополнување на Иницијативата за изменување и дополнување на Законот за вршење на работи на застапување во царинските постапки.

Имајќи предвид дека во меѓувреме се подготвуваат и подзаконските акти за овој Закон, очекуваме што поитен одговор од Ваша страна.

Со изрази на особено почитување,

Извршен директор,
М-р Јелисавета Георгиева

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ 1

Копија доставена до:

- Министерството за финансии

Изготвила: Љупка Илиевска Самарџиска, виш советник
Проверила: Билјана Пеева Ѓуриќ, директор
Одобрила: м-р Елена Милевска Штрбевска, оперативен директор


Димитрие Чуповски 13, 1000 Скопје, Република Македонија * П.Фах 324 * Телефон: (02) 3244000 * Факс: (02) 3244088
Dimitrie Cupovski 13, 1000 Skopje, Republic of Macedonia * P.O.Box 324 * Phone: + 389 2 3244000 * Fax: + 389 2 3244088
E-mail: ic@mchamber.mk * http://www.mchamber.mk

Бр. 29-172/6
26.03.2015 год.
С к о п ј е

Дополнување на
ИНИЦИЈАТИВАТА
за изменување и дополнување на Законот за вршење на работи на застапување во царинските постапки

Групацијата на меѓународни шпедитори и логистички оператори - МИФА при Стопанската комора на Македонија, поднесува Иницијатива за изменување и дополнување на Законот за вршење на работи на застапување во царинските постапки („Службен весник на РМ“ бр. 180/2014), при што ги дава следните конкретни предлози за негово изменување и дополнување:

- Во член 5 став 1, точка б, се предлага да се бришат зборовите: „која вклучува и застапување во царински постапки“.

  *Образложение:* Наведената измена се предлага од причини што во номенклатурата на дејностите не постои посебна шифра за царинско застапување, па според тоа истите одредби се неприменливи во пракса.

- Во член 5, став 1, точката ѓ се предлага да се брише.

  *Образложение:* Компаниите кои вршат застапување во царинските постапки приложуваат неколку типа на гаранции, за склад, за просторија за привремено чување, за транзит, за пуштање на стока во слободен промет, а согласно Царинскиот закон, така што нема потреба од дополнителни гаранции и за застапување.

- Во член 5 став 1 точка е, се предлага да се бришат зборовите: „не му е изречена прекршочна санкција со правосилна одлука на надлежен прекршочен орган, односно суд за сторен потежок царински прекршок или “.

*Образложение:* Наведената измена се предлага од причини што условот за немање ниту еден сторен прекршок е премногу висок и нереален и се оценува дека е доволно да остане само условот „не е огласено за виновно со правосилна одлука на надлежен суд за кривично дело против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривично дело против службената должност, кривично дело против правниот сообраќај или кривично дело определено со Законот за акцизите".

- Во член 7 став 2 точка б, се предлага да се бришат зборовите: „а не му престанал работниот однос во Царинската управа поради изречена дисциплинска мерка отказ за сторена повреда на царинските и други прописи кои ги применува Царинската управа."

  *Образложение:* Наведената измена се бара од причина што одредбите кои се предлагаат да се бришат ги доведува во прашање уставните начела на рамноправност и правото на избор на професија.

- Во член 7 став 3 точка б се предлага да се дополни со зборовите: „или сертификат за соодветен степен на познавање на друг странски јазик".

  *Образложение:* Наведеното е од причини што не треба да им се ограничува можноста на лиценцираните застапници, само за познавање на англискиот јазик.

  Овој предлог се однесува и за член 13 став 1 точка в.

- Во член 7 став 3 по точка б се предлага да се додаде нова точка в, која гласи: „точка б на овој став на член 7 не важи за застапниците кои ќе остварат право на пензија во рок од десет години од денот на отпочнување на овој закон"

  *Образложение:* Овој предлог е даден согласно Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014 и 199/2014).

- Во член 13 став 1 точка в се предлага да се дополни со зборовите: „или сертификат за соодветен степен на познавање на друг странски јазик".

- Во член 13 став 1 по точка в се предлага да се додаде нова точка г, која гласи: „точка в на овој став на член 13 не важи за застапниците кои ќе остварат право на пензија во рок од десет години од денот на отпочнување на овој закон"

  *Образложение: Исто како и за член 7 став 3 точка б, не треба да им се ограничува можноста на лиценцираните застапници, само за познавање на англискиот јазик, а за лицата кои се 10 години пред пензија да не се бара сертификат за познавање на странски јазик, кој предлог е по примерот на решението дадено во Законот за административните службеници.*

- Во член 48 став 1 и став 2, се предлага по зборовите „два пати" да се додадат зборовите „во рок од една година".

*Образложение:* Ова се предлага од причина што не може да се земе целокупното време на работење на овластените односно лиценцираните застапници за изречени две прекршочни санкции, за што може да се изрече прекршочна мерка забрана за вршење на работи на застапување во царински постапки во период од триесет дена, што е престрого и нереално за изрекување на ваква мерка, поради што треба да се ограничи за изречени две прекршочни санкции во рок од една година.

- Во член 51 став еден, зборовите „една година", да се заменат со зборовите „во рок од една година од денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија"

*Образложение: Исполнувањето на условот за познавање на странски јазик да биде по примерот на решението дадено во последните измени на Законот за административни службеници.*

За да можат застапниците во царинските постапки да го исполнат условот за познавање на еден странски јазик предвиден со овој Закон (чл. 7 и чл. 13), потребно е да се пролонгира рокот, односно истиот да изнесува наместо една, две години од денот на влегувањето во сила на Законот. Ова се предлага по примерот на решението дадено во член 108 во Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014 и 199/2014).

Претседател,
Ѓино Шкријељ